**20220690807**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 152/19, 244/19, 275/19 и 110/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 15 март 2022 година, донесе

**УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2022 ГОДИНА**

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 28/22 и 56/22) во членот 2 став 3 во табелата во подмерка 2.9. во делот „Поблиски критериуми и Висината на диреткни плаќања" во алинеја 1 зборовите „од 1 јануари 2022 година до 31 мај 2022 година" се заменуваат со зборовите „од 1 јуни 2022 година до 31 декември 2022 година".

Во подмерката 2.14. во делот „Поблиски критериуми и Висината на директни плаќања" во алинеја 1 зборовите „од мај 2021 година до април 2022 година" се заменуваат со зборовите „од мај 2021 година до јануари 2022 година".

Член 2

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-2342/1
15 март 2022 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.